Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2025, до 20.9.2024 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Finance Think – Институт за економски истражувања и политики

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6838804

Седиште и адреса (улица, број, општина): Фредерик Шопен бр. 1 /2, Скопје – Кисела Вода

Застапник: Благица Петрески, Главен економист

Веб страница: www.financethink.mk

Електронска пошта (e-mail): info@financethink.mk

Телефонски број за контакт: +389 2 6156 168

Лице за контакт: Благица Петрески

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година**

**Наслов на иницијативата: Зголемување на финансиската поддршка за енергетска сиромаштија, при намалена државна интервенција во линеарно субвенционирање на сметките за електрична енергија на домаќинствата**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**I – Квалитетен животен стандард – Нов циклус на економски раст**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Стабилни јавни финансии и Енергетски сектор во служба на Македонија**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Согласно НППА 2021 – 2025:**

**Кластер 1 Темели**

**II Економски критериуми**

**2.1 Постоење на функционална пазарна економија**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Прогласувањето Енергетска криза од крајот на 2021 натаму овозможи ЕСМ да продава струја на универзалиот снабдувач по цена пониска од пазарната, со што се субвенционираа сметките на приближно 611.000 домаќинства и 68.000 мали потрошувачи. Со тоа, ЕСМ обезбеди 100% од електричната енергија на регулираниот пазар по субвенционирана цена. Овие субвенции претставуваа значително фискално оптоварување, со приближен трошок од 3.2 проценти од БДП или 9.2 проценти од јавните расходи во 2022 година, со тренд на намалување во 2023 и 2024 година.

Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2023 година препорачува воведување на „таргетирана и привремена поддршка на ранливите домаќинства и компании, со цел ублажување на ефектите од енергетската криза, согласно потребите, и истовремено намалување на линеарните субвенции во секторот енергетика".

Потребно е внимателно да се пристапи кон постепено отстранување на субвенциите и државната интервенција во формулирањето на крајните цени за електрична енергија за домаќинствата. Истовремено, со намалување на линерната поддршка за домаќинствата, потребно е да се зголемат директните трансфери до домаќинствата со ниски и средни приходи, со цел да се спречат последиците од какви било ненадејни ценовни шокови. Оттука, потребно е да спроведе симулациска анализа за да се проценат импликациите од постепеното укинување на субвенциите врз домаќинствата, вклучително и влијанието што тоа ќе го има врз нивните трошоци за живот.

На ова се надоврзува и потребата од зголемување на енергетските капацитети и намалување на зависноста од увоз, што ќе придонесе кон долгорочна отпорност и предвидливост. Загубите во дистрибуцијата заземаат значителен трошок во тарифите за финалните потрошувачи, и затоа треба да се понудат стимулативни мерки на дистрибутивниот оператор за зголемена ефикасност и квалитет на услугата. Позитивен исход е фактот што во среднорочната фискална стратегија се предвидуваат и поголеми инвестициски планови за развој на енергетскиот сектор, што се клучни за спречување на идни шокови од ваков тип, како и за намалување на дополнителниот пристикок врз фискалната политика.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Намален фискален товар како резултат на постепеното намалување на линеарните субвенции за електрична енергија наменети за сите домаќинства и мали потрошувачи.
- Поголема таргетираност во доделувањето на финансиска помош за енергетска сиромаштија, наменета за најранливите категории на граѓани.
- Пристап до нови податоци за животниот стандард на домаќинствата преку имплементацијата на симулациската анализа за постепено намалување на државната интервенција при одредување на цената на електричната енергија за домаќинствата.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлог иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства можат да се обезбедат преку програмите за социјална заштита при Министерство за социјална политика, демографија и млади.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Башеска, М, Петрески, М, Туманоска, Д, Петрески, Б., „Фискалниот простор во Западниот Балкан: Докази од скорешната повеќеслојна криза", 2024, Finance Think – Институт за економски истражувања и политики

Потпис на застапникот

18.09.2024 година ---------------------------

М.П.

FINANCE THINK
ФИНАНС ТИНК
Скопје